8 одделение



ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ПРЕНОСНИ МЕДИУМИ



Наставник: Леонид Крстевски



ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА – ИТ





Информатичка технологија (ИТ) е користење компјутери и дигитална технологија за обработка, чување и пренесување информации.

📌 ВАЖНО ЗА ТЕСТ

ИТ = технологија која ни помага да работиме со информации.

ИНФОРМАТИКА ИЛИ ИТ?



🧠 ИНФОРМАТИКА

Наука која се занимава со податоци и информации.

💻 ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Практична примена на технологијата за работа со информации.



КАКО СЕ КОРИСТИ ИТ?

🏫 УЧИЛИШТЕ

електронски материјали и презентации

🏥 БОЛНИЦА

чување информации за пациенти

🏠 ДОМА

комуникација, учење и работа

🏦 БАНКА

обработка на трансакции

Каде вие користите ИТ во текот на еден ден?

КАДЕ ГИ ЧУВАМЕ ПОДАТОЦИТЕ?



Веќе знаеме дека компјутерот користи различни видови меморија.

КАКО МОЖЕМЕ ДА ГИ ПРЕНЕСЕМЕ ПОДАТОЦИТЕ?





📄 документ од училиште → дома на лаптоп

📸 фотографии од телефон → компјутер

📊 презентација од дома → училиштен компјутер

За ова можеме да користиме преносни медиуми, како **USB-меморија**, **мемориска картичка** или **надворешен диск**.

МЕДИУМ ЗА ЧУВАЊЕ

Медиум за чување е средство на кое можат да се зачуваат податоци.

Можеме да чуваме:









ПРЕНОСЕН МЕДИУМ

Преносен медиум е медиум за чување кој лесно може да се пренесува и користи на различни уреди.

Примери:



USB меморија



мемориска картичка



надворешен диск



CD/DVD

ВАЖНО ЗА ТЕСТ

Преносните медиуми овозможуваат податоците да ги пренесуваме од еден уред на друг.

USB МЕМОРИЈА

Мал уред,
голема корист!



USB меморијата може да се користи за:

- пренесување документи
- носење презентации
- пренесување фотографии
- чување копии од датотеки

Пример:

Направив презентација дома и треба да ја отворам на училишниот компјутер.

Што можам да користам?

→ USB меморија

МЕМОРИСКА КАРТИЧКА

Мемориските картички се мали преносни медиуми.

Можеме да ги сретнеме кај:



фотоапарати



некои телефони



камери

Мала картичка... голема корист!



НАДВОРЕШЕН ДИСК

Дискот не мора секогаш да биде внатре во компјутерот.

Постојат и:



надворешни HDD/SSD дискови

Тие можат да се приклучат на компјутер и да се користат за:

- чување многу датотеки
- пренесување податоци
- создавање резервни копии

ЗАПОМНИ | Диск може да биде внатрешен или надворешен.

РАЗЛИКА

ВНАТРЕШНА МЕМОРИЈА

Внатрешната меморија се наоѓа во компјутерскиот систем.



ПРЕНОСНА МЕМОРИЈА

Преносната меморија може лесно да се пренесува меѓу уреди.



ЗАПОМНИ

Внатрешната меморија е дел од компјутерот.

Преносната меморија може да се пренесува меѓу уреди.

ШТО ЌЕ ИЗБЕРЕШ?

Треба да однесеш една презентација од дома на училиште.

Фотоапаратот треба да зачува фотографии.

Сакаме да зачуваме голем број датотеки на надворешен уред.

Сакаме да пефлиме и слушнеме некоја песна во нашиот автомобил



КАКО ПРАВИЛНО ВАДИМЕ USB?



Кога работиме со USB (и екстерен диск):

1 Ги зачувуваме датотеките.



Проверуваме дека сите датотеки се зачувани.

2 Ги затвораме датотеките што се отворени од USB.



Не смее да има датотеки кои се сè уште отворени од USB уредот.

3 Избираме Eject / Safely Remove.



Се појавува опција за безбедно отстранување.

4 Потоа го вадиме USB уредот.



Откако ќе добиеме порака дека е безбедно, го вадиме USB уредот или екстерниот диск.

ЗОШТО?

За да се намали можноста да се оштетат податоците што се запишуваат.

📌 ЗАПАМТИ!



💻 ИТ

↳ користиме технологија за работа со информации

💾 Медиум за чување

↳ нешто на кое ги чуваме податоците

🔌 Преносен медиум

↳ нешто што можеме да го носиме и приклучиме на друг уред

USB → мемориска картичка → надворешен диск

